Совет на Општина Шуто Оризари
Konsili ki Komuna Suto Orizari – Këshili I Komunës Shuto Orizare
Република Македонија- Republika Makedonija- Republika e Maqedonia

**Бр. NO. Num 07- 103/2**
**30.01. 2014 год/ bers/ vita**
**СКОРЈЕ/ SKOPJE/ SHKUP**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02), член 18 став 1 и член 20 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), а во врска со член 4 став 2 од Законот за јавен долг ("Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08 и 35/11), Советот на Општина Шуто Оризари на 7(седмата), седница, одржана на 28.01.2014 година, донесе

# ОДЛУКА

## *за долгорочно домашно задолжување на Општина Шуто Оризари во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)*

### Член 1

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Шуто Оризари, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, во висина на 30.477.600,00 денари, а со цел финансирање на Изградба на водовод во Општина Шуто Оризари. Средствата во износ од 12.922.400,00 денари, ќе се обезбедат од Буџетот на општина Шуто Оризари.

### Член 2

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

- каматна стапка: шест месечен ЛИБОР за евро валута со варијабилен распон
- рок на отплата: 13 години
- грејс период: 3 години
- Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.02.2030 година

**Член 3**

Во името на Општина Шуто Оризари, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише градоначалникот на општина Шуто Оризари.

**Член 4**

Сервисирање на обврските настанати со задолжувањето ќе се врши од Буџетот на Општина Шуто Оризари.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Шуто Оризари".

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

***Сеад Исмаил***